ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Врз основа на член 24 став (2) од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ БР.52/2010, 135/2011 и 55/2016) и член 18 од Статутот на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје (Пречистен текст) од 15.12.2011 година, Претседателот на Собранието, истовремено Претседател на Здружението на ден 03.02.2022 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
# За свикување Годишно Собрание на членовите на Здружението за деловната 2021 година

Член 1

**СЕ СВИКУВА** Годишно собрание на членовите на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје со право на глас, кое ќе се оддржи во Скопје на ден 03.03.2022 година, со почеток во 12 часот со следниот работен дел:

1.Процедурален дел
2.Изборен дел
3.Работен дел

Член 2

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** одговорното лице во Здружението за административно и финансиско работење да обезбеди простор за оддржување на Годишното собрание во согласност со постоечките расположливи буџетски средства на Здружението за таа намена а во согласност со постоечките мерки за заштита од пандемија.

Член 3

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** одговорното лице во Здружението за комуникации и односи со јавност да објави Јавен Повик за свикување на Годишно собрание на членовите на Здружението, на една до три страници, најдоцна седум (7) дена пред одржување на Собранието и го објави на официјалната интернет страна на Здружението.

Член 4

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Претседателот на Собранието/Здружението, по писмен пат да ги запознае членовите на Собранието со одредбите од оваа Одлука и Јавниот повик за свикување Годишно собрание за деловната 2021 најдоцна седум (7) дена пред одржување на Собранието, и по електронски пат ги достави материјалите за работа до членовите на Собранието најдоцна 3 дена пред одржување на Собранието.

Член 5

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување

**Број 02-053/1**
**03.02.2022 година**
**Скопје**

**Претседател**
Здружение Стар-Стар Скопје
Борче Божинов

Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје
ул. 11 Октомври 22/2 Скопје | ☎ +389 (0)2 32 32 411 | e-mail: star.contact@yahoo.com | www.starsexwork.org